РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

од работен состанок на
членовите на Националното координативно тело за имплементација на
Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија
одржан на 06 март 2020 година

Присутни:

Мабера Камбери / Нахида Зекирова – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Мерсиха Усеин - Кабинет на Министер без ресор, Национален координатор за имплементација на Стратегија на Ромите, Арабела Иљаз - Министерство за образование и наука (МОН), Алберт Мемети - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа – Министерство за транспорт и врски (МТВ), Марија Белевска Хаџи Василева - Министерство за финансии, (МФ), Сузана Цековска - Министерство за внатрешни работи (МВР), Шенај Исмаили – Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ, Сенад Мемеди – Министерство за здравство (МЗ), Ферди Исмаили – (НВО Сонце), Нафи Сарачини, Канцеларија на ЕУ Скопје, Вељка Јуран, Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), Елмаз Малиќи, Министерство за локална самоуправа (МЛС), Сенад Мемеди, Министерство за здравство (МЗ), Александра Вуковиќ, Секретаријат за Европски прашања (СЕП)

**Дневен ред**

1. Информација за имплементација на активностите во ресорните министерства во рамки на Стратегијата на Роми, во период декември 2019 – февруари 2020 година
2. Информација по однос на планираните буџети во рамки на ресорните министерства
3. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени на крајот на февруари 2020 година се усвои од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Со координативното тело за изработка на законот треба да се продолжи со работа во наредниот период на негова имплементација. Од страна на Управата за водење на матични книги и министерството за правда ќе се направи roud map со поддршка на Roma Integration 2020, за процесот на добивање на документацијата остварување на правата од социјална заштита, образование, здравство согласно законот.

Од страна на претставникот на Канцеларијата на ЕУ, се информира за тековните активности, поддршка на Државниот завод за статистика за изработка на методологија за инклузија на Ромите преку која ќе се мерат политиките за Ромите. Во однос на домувањето ќе се објави нов конкурс за домување/легализација (за општините за усвојување на ДУП /ГУП) за поддршка на 5-6 проекти. На регионално ниво со поддршка на Светска Банка и канцеларијата на УНДП ќе се спроведува проект за повратниците. Агенцијата за фундаментални права ФРА од Брисел, ќе работи на истражување на дискриминација на малцинствата, вклучително и Македонија.

АВРМ, информира дека за 2020 во тек се повиците по однос на оперативните мерки. Напоредно континуирано се реализираат тековните активности.

МЗ, информира дека продолжува процесот на трансформација на ромските здравствени медијатори, како прв чекор е систематизацијата на здравствените медијатори.

МТВ, информира по однос на Законот за социјално домување, се работи на делот за домување кој е во надлежност на МТВ и е во фаза на завршување.

Течат огласите за социјална распределба на социјални станови, исто така и огласите за проекти наменети за инфраструктурните проекти. Во општина Кочани се реализира проектот за реконструкција на домовите.

МТСП, информира дека делот за социјално домување е во надлежност на МТСП и ќе се подготвува заедно со ХАБИТАТ, при што се планира да се направи истражување во 3 општини.

КМБР, се планира подготовка на новата Стратегија за Роми во две фази (прва фаза - евалуација и втора фаза изработката на Стратегијата) со поддршка на ОБСЕ.

МЛС, информира дека од 11 општини се добиваат информации по однос на активностите кои се реализираат и се известува Владата.

РОМАКТЕД, во тек се подготовките за повик / огласи за доделување на мали грантови наменети за поддршка на општините со нивно кофинасирање, кои треба да бидат насочени на подобрување на локалните политики – подобрување на пристапот до правда и здравство.

МТСП, тековно се реализира проектот Инклузија на деца во ЈОУДГ согласно условите во сите општини преку МТСП и во трите општини Шуто Оризари, Гостивар и Тетово преку ИПА, проектот. Предизвик преставува обезбедување превозот за децата од страна на општините.

РОМАЛИТИКО, се информира дека во моментот се подготвува анализа за правата на најранливите категории, во 14 општини за детално утврдување на состојбата на локално ниво.

Заклучоци:

1. Даден е предлог НКТ да достави поддршка до Влада за зголемување на буџетот на ЛС, наменет за подобрување на состојбата на Ромите;

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на Стратегијата за Роми